# ‚Овие два намаза (сабах и јација) се најтешки за мунафиците. А кога би знаеле колкава е нивната награда, би доѓале на нив дури и лазејќи на колена

Од Убеј бин Каб, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува дека рекол: Еден ден Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, ни беше предводник на сабахскиот намаз, па праша: „‚Дали е присутен тој и тој?‘ Тие одговорија: ‚Не.‘ Потоа праша: ‚А дали е присутен тој и тој?‘ Одговорија: ‚Не.‘ Тогаш рече: ‚Овие два намаза (сабах и јација) се најтешки за мунафиците. А кога би знаеле колкава е нивната награда, би доѓале на нив дури и лазејќи на колена. Првиот саф е како сафовите на мелеците, и ако навистина ја знаевте неговата вредност, ќе се натпреварувавте кој прв ќе го заземе. Намазот што човекот го клања со уште еден е подобар од неговиот намаз кога клања сам, а неговиот намаз со двајца е подобар од оној со еден. Колку повеќе луѓе, толку е подраго кај Аллах.‘“

[صحيح] [رواه أبو داود والنسائي وأحمد]

Еден ден Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, бил имам на сабахскиот намаз, а потоа прашал: „Дали тој и тој присуствуваше на намазот?“ Асхабите одговорија: „Не.“ Потоа повторно праша: „А дали присуствуваше тој и тој?“ Тие повторно одговорија: „Не.“ Тогаш рече: „Сабах и јација се најтешките намази за мунафиците, бидејќи во тие времиња ги обзема мрзеливоста, а исто така, во тие часови тешко можат да се преправаат, бидејќи не се забележуваат од другите поради темнината на ноќта.“ А кога би знаеле, о верници, колкава е наградата и вредноста на сабахот и јацијата, бидејќи наградата се вреднува според трудот и тешкотијата, ќе доаѓавте на нив дури и лазејќи, одејќи на рацете и колената. Првиот саф, поради близината до имамот, е како сафот на мелеците поради нивната близина до Аллах. А кога верниците би ја знаеле неговата вистинска вредност, би се натпреварувале кој прв ќе го заземе. Намазот што човекот го клања со уште еден носи поголема награда и влијание отколку кога клања сам, а неговиот намаз со двајца е уште подобар од оној со еден. Колку повеќе луѓе учествуваат во намазот, толку повеќе тој е подраг и повреден кај Аллах.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/11306